Врз основа на член 24, став 2 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 4 од Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата –културната манифестација „Насмеј се" („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 02/22), а во согласност со Мислењето од Комисијата за разгледување и изготвување мислење на пријави на здруженија на граѓани за организирање и реализирање на културната манифестација „Насмеј се" со бр. 02-1603/8 од 18.04.2022 година

Градоначалникот на Општина Велес на ден 18.04.2022година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на здружение на граѓани на кое се делегира дел од надлежноста на Општина Велес во областа на културата –културната манифестација „Насмеј се"**

Со оваа Решение се врши избор на здружение на граѓани на кое се делегира дел од надлежноста на Општина Велес во областа на културата – културната манифестација „Насмеј се" .

За здружение на граѓани на кое ќе се делегира горе неведената надлежност се избира:

- **Здружението на граѓани Плус публика Велес**

Со избраното здружение ќе се склучи посебен договор за организација и реализација на делегираната надлежност, начинот и условите за вршење на надлежноста.

За својата работа, вршителот на делегираната надлежност поднесува редовни извештаи до Градоначалникот како и годишен извештај до Советот на Општина Велес.

Сите активности за вршење на делегираните надлежности вршителот ќе ги спроведува во координација со општинската администрација и за својата работа одговара пред Градоначалникот на Општина Велес.

За реализација на делегираните надлежности, средствата се определуваат од Буџетот на Општина Велес согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата и меѓународната соработка во 2022година.

Оваа Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со цел да ги направи што подостапни и транспарентни услугите што Општина Велес ги дава на своите граѓани во областа на културата, го искористи законското право за делегирање надлежности и од страна на Советот на Општина Велес беше донесена Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата –културната манифестација „Насмеј се" („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 02/22).

Согласно ова се објави јавен конкурс, достапен до сите заинтересирани здруженија на граѓани. Потоа посебно формирана комисија ги разгледа доставените апликации и при ова состави записник за својата работа и до Градоначалникот достави Мислење со предлог за избор на здружение на граѓани кое ги исполнува условите да биде избрано за здружение на кое ќе му се делегира дел од надлежноста на Општина Велес во областа на културата – културната манифестација „Насмеј се".

Согласно даденото Мислење од Комисијата за разгледување и изготвување мислење на пријави на здруженија на граѓани за организирање и реализирање на културната манифестација „Насмеј се“ со бр. 02-1603/8 од 18.04.2022 година, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави приговор до Градоначалникот во рок од 8 дена по приемот на ова Решение.

Број 08-1603/9
18.04.2022год.
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Изработил: Елизабета Јовчевска
Контролирал:Анита Пивкова
Одобрил: Марија Чатмова